РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

| Примен | 19.05.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организац. | | | Вредност |
| 09 | 496/1 | | |


( Образец ПП……)

**До:** Општина Демир Хисар

**(имател на информацијата)**

Арх. знак 010 0902
Рок на чување 15
27.12. 2021 год.
Потпис,

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: записник од седница бр. 60 одржана на 30.04.2020г.

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго на факс
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]

Потпис

[redacted]

Во 19.05., ______202_ година .

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар
--------------------------------------------
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-496/3
19.05.2021
Демир Хисар
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

До
[redacted]

Арх. знак 9/10 0908
Рок на чување 15
27.12. 2021 год.
Потпис,

**Предмет:** Доставување на информација од јавен карактер,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Демир Хисар на 19.05.2021 година, заведено во архива на Општина Демир Хисар на 19.05.2021 година под број 09-496/1, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесе Решение за позитивен одговор на Вашето барање бр.09-496/2 од 19.05.2021 година и врз основа на тоа, во прилог Ви ги доставуваме бараните информации:

-Копија од записник на седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

**Изработил,**

м-р Игор Дамјаноски, службено лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски

Во акта-Арх. знак: 01/а 1701
Рок на чување: „Т“
25.12.2020 г.
Демир Хисар
АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**ЗАПИСНИК**

***од 42-ра седница Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 30.09.2020 година***

Седницата се одржа во просториите на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар со почеток во 11 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Благоја Станојоски, Николче Димитријовски, Валентина Ѓорѓиовска, Татјана Кочовска, Мишко Поповски, Весна Ориѓанска, Христина Бојаџиева Андреска, Александра Ѓорѓиовска Трајчевска, Добри Најдовски, Драге Пупунчевски и Марија Кочовска. Од општинската администрација присутни беа Соња Наумовска, Игор Дамјановски, Моника Петревска. На седницата беа присутни директорката на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар Ана Трајчевска, Директорката на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар Маја Лозановска, директорот на ЈОУДГ „Вори Септември“ Демир Хисар Добре Стојковски, директорот на ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар Зоран Котевски, директорот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Ацко Трајковски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 40-тата седница на Совет на општина Демир Хисар

Записникот беше усвоен со 10 „за“ против и воздржани немаше

-Усвојување на записник од 41-ва седница на Совет на општина Демир Хисар

Советничката Христина Бојаџиева Андреска забележа во точка 11 во расправата за шестмесечниот извештај во делот на дискусијата да се дополни дека претставникот на ЈКП „Комуналец“ објасни има изготвено тримесечен извештај, негативен е и не е поминат на управен одбор. Други забелешки немаше. За усвојување на записникот со дополнувањето гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

На седницата се расправаше по следниот

**Дневен ред**

1. Донесување на Одлука за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висина на штетата настаната од природна непогода –град, што ја зафати општина Демир Хисар во атарот на селата Сопотница, Прибилци и Ракитница во август 2020 година.
2. Согласност за формирање на чисти паралелки за учебната 2020/2021 година во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван.
3. Усвојување на Извештај за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2019/2020 година.
4. Донесување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2020/2021 година.
5. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација по барање на ДООЕЛ „Дранго Компани“ ул.Партизанска бр.22-3/10 Битола и ДОО „Славија“ увоз извоз Бул.Војводина бр.4 Скопје.
6. Донесување на Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација по барање на Борче Дуновски ул.Апостол Гусларот бр.15 Скопје.
7. Донесување на Одлука за измени и дополнување на Програмата за УП на општина Демир Хисар за 2020 година.
8. Усвојување на Годишен извештај на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2019/2020 година.

9. Усвојување на Годишна програма на СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебната 2020/2021 година.
10. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за 2020/2021 година.
11. Усвојување на Годишен извештај на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за период август 2019/2020 година.
12. Усвојување на Годишна програма на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2020/2021 година.
13. Согласност на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар.
14. Донесување на Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар.
15. Согласност на Одлуката за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2020/2021 година.
16. Усвојување на Годишен план за вработување за ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2020 година.
17. Усвојување на Годишен план за вработување за ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2021 година.
18. Барање надоместок на средства за заштита од корона вирус КОВИД 19 поднесено од ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.
19. Разгледување на барање за дислокација на канализационата мрежа кај Градскиот пазар во Демир Хисар.
20. Усвојување на измени и дополнување на Годишен план за вработување за ОУ Дом на култура „Илинден" Демир Хисар за 2020 година.
21. Усвојување на Годишен план за вработување за ОУ Дом на култура „Илинден" Демир Хисар за 2021 година.
22. Предлози и прашања

---

Претседателот на Советот Благоја Станојоски ја отвори седницата и предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи во точка 5 да се дополни и „ДОО „Славија" увоз извоз Бул.Војводина бр.4 Скопје", бидејќи за утврдување правен статус на бесправниот објект има двајца подносители и во одлуката и да стои и вториот подносител. Други предлози немаше. За усвојување на Дневниот ред со дополнувањето гласаа 10 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 1. Одлука за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висина на штетата настаната од природна непогода –град, што ја зафати општина Демир Хисар во атарот на селата Сопотница, Прибилци и Ракитница во август 2020 година***

За Одлуката за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висина на штетата настаната од природна непогода –град, што ја зафати општина Демир Хисар во атарот на селата Сопотница, Прибилци и Ракитница во август 2020 година објаснување имаше претставникот Игор Дамјановски. Во овие села на два наврати имаше град, има 57 пријави, комисијата три пати излезе на терен направена е процена од 3.390.968 денари штета објасни претставникот Дамјановски. Советничката Весна Ориѓанска побара објаснување во која смисла во три наврати била комисијата, потоа праша дали има рокови до кога треба да одлучи Републичката комисија и дали можи општината да покрие трошоци. Претставникот Игор Дамјановски објасни три дена беа потребни да се направи процена кај сите пријави во присуство на сопственикот, што се однесува до роковите нема определени рокови, до крајот на годината би требало, и општината можи да изврши

обештетување ако има средства, но проценетата штета за општината е доста висока. Апелиравме до земјоделците да ги осигуриваат посевите така е најдобро, и да се прифати елаборатот процентот е мал од 10-15% од штетата. Претседателот на Советот Благоја Станојоски додаде кај нас земјоделците немаат навика да ги осигуруваат посевите, можеби немаат и средства. Советничката Весна Ориѓанска истакна населението не е доволно информирано, службите од агенцијата за земјоделие повеќе треба да се на терен, да се поажурни да контактираат со населението да го информираат. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на одлуката гласаа 10 „за" против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Согласност за формирање на чисти паралелки за учебната 2020/2021 година во ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван***

Согласноста за формирање на чисти паралелки за учебната 2020/2021 година во ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван беше усвоена од Комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Марија Кочовска. Директорката Ана Трајчевска објасни во Вирово имаше само еден ученик, кој се отпиша, за да не остани учителката без работа, а постоеше законска можност во Сопотница да се формираат 2 чисти паралелки и 2 комбинирани паралелки. Советничката Весна Ориѓанска забележа ако не се затвореше училиштето во Вирово како ќе функционираше во Сопотница. Директорката Ана Трајчевска одговори затоа не е добро да се делат до максумум паралелките, секогаш треба да има можност за ваков случај, не е добро да остани некој без работа без разлика колку има стаж. При донесување на одлуки за нови вработувања треба да се прават анализи, исто од министерство имаме насока за привремено да се затвори училиштето, ако има потреба да можи повторно да се отвори. Советникот Драге Пупунчевски праша оваа година учителката ќе работи во Сопотница, а наредната година како ќе се реши тоа. Директорката Ана Трајчевска објасни за вакви моменти се исцрпуваат сите можности, се преместува во друго училиште во општината, механизмот технолошки вишок е последно што би се применило. Советникот Пупунчевски додаде затоа и упорно зборувам за превработеност, населението се иселува се намалува бројот на децата, да не прави само ајде да вработуваме да го згрижиме некого и што после треба да се внимава кога се планираат вработувања да се издржани. Директорката Ана Трајчевска дополни во насока на дискусијата да останат луѓето кои се вработени, така ќе останат и селата да се размислува кога има можност да задржат тие што се вработени. Советничката Христина Бојаџиева Андреска праша за Слоештица колку деца има. Директорката Трајчевска одговори две деца има уште две години наставничката ќе оди во пензија. Советникот Мишко Поповски побара пауза за консултација. После паузата никој не се јави за дисккусија. Со 10 „за" согласноста беше донесена, советничката Александра Ѓорѓиовска Трајчевска не учествуваше во гласањето.

***ТОЧКА 3. Извештај за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2019/2020 година***

Извештајот за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2019/2020 година беше усвоен од комисијата за јавни и комунални дејсноти објасни Претседателот на комисијата Благоја Станојоски. За извештајот објаснување имаше претставникот Моника Петревска. Советничката Христина Бојаџиева Андреска праша зошто со извештајот нема финансиски извештај колку средства се потрошени истата забелешка е и за програмата исто и таму треба финансиски извештај. Претставникот Моника Петревска одговори финансиската рамка е во друга програма. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 4. Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2020/2021 година***

Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2020/2021 година беше усвоена од комисијата за јавни и комунални дејсноти објасни Претседателот на комисијата Благоја Станојоски. За програмата објаснување имаше претставникот Моника Петревска. Советничката Валентина Ѓорѓиовска забележа во програмата секоја година стои се чистат улици по населените места каде има пристап, во изминативе години не се чистеа, ако треба нека набават некое возило со кое ќе можи да се чистат. Ако стои во програмата тогаш треба и да се чисти. Претставникот Моника Петревска објасни се што е наведено се чисти, ако има такви улици кои не се чистат треба да се каже конкретно каде е тоа да се види зошто не се чистат. Советничката Валентина Ѓорѓиовска истакна во Утово има асвалтирана улица, не се чисти. Раководителот Соња Наумовска објасни која ширина е улицата, можеби нема пристап затоа не се чисти нема доволна ширина и возилото не можи да влези. Најдобро е да се направи список на улици кои не се чистат да се достават па ќе се види која е причината. Советничката Ѓорѓиовска забележа ако нема пристап тогаш не треба ни да стои во програмата, а од друга страна улиците во Кутретино се тесни па се чистат, значи станува збор за добра воља, како да тие граѓани се од втор ред. Треба да се чисти и да стои во програмата или ако не се чисти да не стои во програма. Советникот Мишко Поповски истакна има реакции од населението кога се чистат патиштата, да се проширува да можи да се разминуваат возила, а за улиците некој несакаат да се чисти, бидејќи му се фаќал влезот има и такви реакции. Раководителот Наумовска предложи да се лоцираат улиците кои не се чистат и ќе образложиме зошто е тоа така. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација по барање на ДООЕЛ „Дранго Компани“ ул.Партизанска бр.22-3/10 Битола и ДОО „Славија“ увоз извоз Бул.Војводина бр.4 Скопје***

Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација по барање на ДООЕЛ „Дранго Компани“ ул.Партизанска бр.22-3/10 Битола и ДОО „Славија“ увоз извоз Бул.Војводина бр.4 Скопје беше усвоена од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС објасни Претседателот на комисијата Драге Пупунчевски. Во врска со Одлуката објаснување имаше Раководителот Соња Наумовска. Советничката Весна Ориѓанска праша кој е сопственик на објектот и од кога е судската пресуда. Претставникот Наумовска објасни има поднесено барање од двајца, нема сопственик, а пресудата е од 2014 година. Советничката Ориѓанска додаде сега е 2020 година зошто толку се чекало одлуката да дојди пред Советот зошто токму сега се става на дневне ред. Советникот Драге Пупунчевски праша дали ДОО Славија е активна фирма, а Претседателот на Советот Благоја Станојоски праша дали и третиот барател „Рибник бабино“ постои како субјект. Претставникот Соња Наумовска објасни третиот барател „Рибник бабино“ поднесе барање дека се повлекува, остануваат двата субјекти, барањето е од 2011 година и двата субјекти беа активни. Советничката Марија Кочовска во својата дискусија истакна целата постапка е почната 2011 година, потоа има пресуда од Апелација имам впечаток дека нема доволно информации околу цетата таа постапка, а Советот треба да гласа. Претставникот Наумовска објасни Советот не гласа за легализација, Советот само донесува одлука со која се овозможува да продолжи постапката за легализација. Во 2011 година е поднесено барањето, во законски рок, има доставено елаборат, кој беше вратен на корекција, и повторно е донесен на 26.02.2020, во 2014 година има пресуда. Не знаевме како да ја тераме постапката затоа и се пролонгираше. На 01.06.2020 година

излезе комисија на увид направи записник, следниот чекор е одлуката дека објектот ќе биде вклопен во урбанистички план и после тоа следува решението за легализација. Советничката Марија Кочовска додаде секогаш кога носиме вакви одлуки имаме информации, сега се носи одлука за легализација за објекти од околу 400м2, а нема доволно информации. Советничката Весна Ориѓанска дополни ова е долгогодишен спор 10 години, има двајца сопственици со недонесување на оваа одлука само ќе се усложни работата, не гледам дека има проблем да се донеси одлуката. Претставникот Наумовска објасни Советот само донесува согласност дека објектот ќе се планира во идната планска документација, секогаш сум била коректни при предлагање на вакви одлуки. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 5 „за" 5 „против" и 1 „воздржан" одлуката не беше донесена.

Советникот Мишко Поповски праша како помина оваа одлука на комисијата за урбанизам. Претседателот на комисијата Драге Пупунчевски одговори таму беше усвоена. Советникот Мишко Поповски забележа работите се делат партиски ние како опозиција сме конструктивни, секогаш сме подржувале вакви одлуки. Прв пат се случува ваква одлука да не се гласа наш сограѓанин е. Советничката Весна Ориѓанска дополни се случило некој во нива да направи објект сме дале согласност за легализација и тоа објект на функционер не сме биле против.

***ТОЧКА 6. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација по барање на Борче Дуновски ул.Апостол Гусларот бр.15 Скопје***

Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација по барање на Борче Дуновски ул.Апостол Гусларот бр.15 Скопје беше усвоена од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС објасни Претседателот на комисијата Драге Пупунчевски. Во врска со Одлуката објаснување имаше Раководителот Соња Наумовска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 7 „за" 4 „воздржани".

***ТОЧКА 7. Одлука за измени и дополнување на Програмата за УП на општина Демир Хисар за 2020 година***

Одлуката за измени и дополнување на Програмата за УП на општина Демир Хисар за 2020 година беше усвоена од Комисијата за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС објасни Претседателот на комисијата Драге Пупунчевски. Во врска со Одлуката објаснување имаше Раководителот Соња Наумовска, сега одлуката е изменета со тоа што се бриши делот кој се однесуваше на Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација по барање на ДООЕЛ „Дранго Компани" ул.Партизанска бр.22-3/10 Битола и ДОО „Славија" увоз извоз Бул.Војводина бр.4 Скопје, останува само вториот дел. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 7 „за" 4 „воздржани".

***ТОЧКА 8. Годишен извештај на СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебната 2019/2020 година***

Годишениот извештај на СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за учебната 2019/2020 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Марија Кочовска. Во врска со извештајот објаснување имаше директорката Маја Лозановска. Советничката Валентина Ѓорѓиовска предложи во извештајот треба да се дополни на страна 12 точка 5 кај натпревари најнови резултати Трајковска Марија има втора награда на државен натпревар и влезе во селекција за олимпијада. Во делот на изготвувањето на извештаите од основните училишта се посолидни изготвени споредено со средното, содржински како е работен и концепциски, извештајот треба да е соодветен на програмата за таа година. Потоа упати конкретни забелешки Благојче Брсаковски беше во делот на административен кадар сега не фигурира повеќе, во точка 7 во

делот за реализирана обука личи на цел записник од состанок премногу детали, доволно било само да се објасни целта на обуката што е работено. Права и должности на директорот тоа е за во програмата, не му е место во извештајот. За училишна библиотека пишува кој работи таму во програмата стои и Христина Тромбева, а овде ја нема и колку време таа поминува таму. Директорката Маја Лозановска истакна дека не се согласува со констатацијата за извештајот. Овај извештај е пофален, ги има сите содржини кои се потребни и сите овие забелешки се субјективни. За забелешката колку извештајот треба да е соодветен на програмата нешто што е планирани ќе се реализира, нешто ќе се реализира надвор од програмата. Дали има детали околу обуката, за поздравување е тоа што се одржа обуката со наш капацитет. Благојче Брсаковски не е повеќе вработен во училиштето тој е вработен во општината. Кога се изготвуваше извештајот немаше резултати од натпреварот, затоа и не е влезен резултатот во извештајот. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша лицата кои држеа обука од каде имаат акредитација. Не е во ред во извештај да се става записник од обука, како раководно лице имаш право да бараш да се изготви добар извештај, обуката е во ред, записникот од обуката во извештајот не во ред. Потоа додаде забелешките не се субјективни за сите еднакво ги разгледувам и дискутирам. Директорката Маја Лозановска додаде некој дискусии не се тема на разговор, потоа укажа на навредите од советничката кои се упатени кон неа, овде не е место на лични навреди и ниски работи. Ова е Совет и не треба да се дозволуваат вакви работи да бидам изложена на навреди. Претседателот на Советот ја прекина дискусијата. Бидејќи немаше повеќе пријавено за дискусија извештајот беше ставен на гралање. За усвојување на извештајот гласаа 6 „за“ 4 „против“ и 1 „воздржан“.

***ТОЧКА 9. Годишна програма на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2020/2021 година***

Годишната програма на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2020/2021 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Марија Кочовска. Во врска со програмата објаснување имаше директорката Маја Лозановска. Советничката Весна Ориѓанска праша колку новата струка која беше отворена придонесе за зголемување на бројот на деца кои се запишуваат, потоа дали училиштето има кадар за новата струка и како се планира практичниот дел да се изведува. Директорката Маја Лозановска објасни најголем одлив има во средно медицинско училиште, имаше обид за да се отвори оваа струка, ни беше посочено дека нема да добиеме согласност. Исто и за новата струка која е отворена има голем интерес, нема интерес за гимназија. За прва година има кадар кога ќе дојди за стручните предмети во повисоките години ќе треба дополнително стручен кадар. За пракса на подрачјето има фирми каде можи да се обавува пракса затоа и ни дозволија за ваква струка. Советничката Христина Бојаџиева Андреска праша за онлајн настава не е планирана во програмата, се е планирано како за нормални услови. Се се случува моментално и компјутерите и тоа колку од учениците имаат услови за електронска настава. Зборуваме за бесплатно образование, каде е овде бесплатното, кога мора родителите да купуваат компјутери. Директорката Лозановска објасни додека се изготвуваше програмата немаше насоки, додека нема законски измени ние не можеме ништо да планираме. Над 90% се изјаснија за физичко присуство, наставата можи да се одвива преку компјутер, преку телефон. Во моментот имаме контакт со децата какви насоки ќе добиваме така ќе работиме. Советникот Мишко Поповски забележа практичната настава мора да е со физичко присуство, ако дефинитивно наставата е онлајн тогаш од програмата треба да се повлече планираното. Директорката Лозановска објасни ова е наставен план и тоа мора да се реализира дали тоа ќе биди со физичко присуство или електронски ќе мора да се реализира. Советничката Александра Ѓорѓиовска Трајчевска додаде ако детето нема

услови за онлајн настава ќе мора материјали да му се праќаат. Директорката Маја Лозановска истакна не се многу такви деца сега сите имаат модерни телефони, има и оптичка конекција преку кабелскиот оператор овозможија училиштата во соработка со општината. Советничката Валентина Ѓорѓиовска забележа зошто се промаршени роковите за барање согласност за настава со физичко присуство за училиштата до 10.09.2020. Другата забелешка се однесува на работното ангажирање за вработените не е внесено во програмата, исто и има донесено кодекс за однесување, исто дополнувања кои се носат покасно треба да се донесат со анек за дополнување на програмата. Директорката Маја Лозановска објасни училиштето достави барање до министерството и до општината, а општината понатаму го достави пред Советот. Потоа се обрати до советничката ти како вработена во училиштето добро ги знаеш роковите, за се носи анекси од ден на ден се менуваат работите не го знаевме бројот на учениците, кај дел од професорите имавме задолженија, на дел не. Советничката Ѓорѓиовска упати забелешка на работниот ангажман за проектни активности, бидејќи не е еднакво распореден имаше случаеви во предходната годишна програма кога кај некој имаше 7 часа со 8 ученици, или случај со 15 ученици, а само еден час. Реакцијата се однесува на таквото планирање, сега се тргнати тие страници од програмата за да не можи да се види. Констатацијата е дека не можи да биди задоволна од вака изготвена програма. Директорката Маја Лозановска објасни ова е автоматизирана програма, дизајнот не е важен, незнам што не е јасно додаде директорката, многу добро ти е познато како се прави распоредот на проектните активности до 15 септември не можи да има јасна слика. Инспекторите прават контроли. Ваквото однесување не е дозволливо, нареден пат нема да присуствувам на Совет и да бидам вака јас навредувана. Од нареден пат ќе праќам претставник за на Совет. Претседателот на Советот Станојоски ја прекина дискусијата, а советничката Валентина ѓорѓиовска додаде имам право на дискусија по точката и да ги истакнам забелешките. Дискусија повеќе немаше. За донесување на програмата гласаа 6 „за" 3 „воздржани" 2 „против".

***ТОЧКА 10. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за 2020/2021 година***

Согласноста за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар за 2020/2021 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Марија Кочовска. Во врска со согласноста објаснување имаше директорката Маја Лозановска. При тоа дополни дека има плус двајца ученици од кои еден во гимназиската паралелка и еден во шумарската струка. Дискусија немаше. За давање согласност гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 11. Годишен извештај на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за период август 2019/2020 година***

Годишниот извештај на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за период август 2019/2020 година беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Марија Кочовска. Во врска со извештајот објаснување имаше директорот Добре Стојковски. Советничката Христина Бојаџиева Андреска праша колку деца моментално има во градинката. Директорот Добре Стојковски објасни согласно новите препораки можи да се згрижат 72, а моментално има 44 деца, и тие градинката ја посетуваат наизменично така во денотот има околу 30 деца. Малиот број на деца донесува проблем со финансиите, пракса е во градинката да плаќаат само за деновите кога посетуваат градинка, така да многу малку средства се прибираат. Се надеваме дена нема да има финансиски проблеми, имаме средства од предходно кои ги имавме заштедено. Дополнителни трошоци се набавка на маски, средства за дезинфекција, мерачи за температура.

Советничката Весна Ориѓанска праша дали министерството учествува со средства заради новонастанатата ситуација потребата од набавка на вакви средтва, долнително со намалени сопствени приходи. Директорот Добре Стојковски објасни од министерство има само два апарати за мерење на температуда другото се сами набавуваме. Советничката Марија Кочовска предложи доколку има потреба од дополнителни средства можи да се обрати до Советот ќе му бидат одобрени. Советничката Христина Бојаџиева Андреска праша дали вработените се сите тестирани. Директорот Стојковски одговори да сите се тестирани исто има апел до сите родители ако дететео е запишано да се носи во градинка, ако не планираат да го носат да отстапат место на тие што навистина имаат потреба. Досега немаме такви проблеми. Дискусијата беше исцрпена. За усвојување на извештајот гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 12. Годишна програма на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2020/2021 година***

Годишната програма на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2020/2021 година беше усвоена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Марија Кочовска. Во врска со извештајот објаснување имаше директорот Добре Стојковски. Советничката Весна Ориѓанска праша дали има обезбедувбање во градинката. Директорот Стојковски одговори обезбедување нема, но хаус мајсторот живее блиску до градинката се грижи, но се размислува и за тоа во иднина да има. Советничката Ориѓанска забележа се штеди на наважните работи, а се расфрламе на неважни работи. Директорот Добре Стојковски објасни објектот има камери не е целосно без надзор, но забелешката е прифатена. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на програмата гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 13. Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар***

Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар беше усвоен од комисијата за опшествени дејности објасни Претседателот на комисијата Марија Кочовска. Во врска со правилникот објаснување имаше директорот Добре Стојковски. Советничката Христина Бојаџиева Андреска праша за член 6 за прием на деца до 10 години. Директорот Стојковски објасни доколку се створат услови за згрижување на деца од оваа возраст има капацитет треба само да се вработи одделенски наставник, простор, инвентар и за храна не е проблем можи да обезбеди градинката треба само средства за вработување на одделенскиот наставник. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша колку членови брои комисијата, а потоа праша за член 3 се дава приоритет на семејства со две деца. Директорот Стојковски објасни за комисијата одлучуваше Советот. Додека за член 3 не сме се довеле во ситуација да носиме такви одлуки, но ако има таков случај се згрижува тие деца од семејства кои имаат две деца. Дискусија повеќе немаше. За давање согласност гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 14. Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар***

За Решението за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар објаснување имаше директорот Добре Стојковски. Дискусија немаше. За донесување на Решението гласаа 8 „за“ и 3 „воздржани“.

***ТОЧКА 15. Одлуката за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2020/2021 година***

Одлуката за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар за 2020/2021 година беше усвоен од комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Марија Кочовска. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 8 „за" и 3 „воздржани".

***ТОЧКА 16. Годишен план за вработување за ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2020 година***

За Годишниот план за вработување за ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2020 година објаснување имаше директорот Ацко Трајковски. Советничката Христина Бојаџиева Андреска истакна се планира вработување на еден Раководител на одделение праша дали има разлика во буџетот, кога беше изготвен тримесечниот извештај не беше доставен до Совет и беше негативен, а шестмесечниот извештај беше позитивен со 27.000, а зборуваме за ново вработување и велите имате обезбедено средства, а ќе кошта 270.000. Директорот Трајковски објасни тримесечниот извештај не беше доставен до Совет не беше донесен на управен одбор затоа, ова се периодични извештаи, завршната сметка е таа од која треба да се гледа состојбата таа е позитивна. Презедовме водоводи во повеќе населени места плус водоводот во Демир Хисар Суводол и Кутретино, ни треба такво лице за да можи да менаџира со нив. Завршната сметка е најрелевантна за состојбата, периодичните извештаи се променливи, износот за добивка и загуба не е податок за можност вработување. Советничката Весна Ориѓанска праша како е наплата во состојба со короната и преземањето на водоводите дали е профитабилно. Директорот Трајковски објасни наплатата е намалена, исто активностите се намалени, ги анализиравме податоците секаде има некаков проблем, но важно да има редовно вода за населението. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша дали секаде постигнивате да обезбедите вода за пиење. Директорот Ацко Трајковски одговори во сушниот период имаме проблеми. Во врска со планот за вработување одговараме пред министерство за информатичко општество од таму немаме забелешки, претпријатието е во добра кондиција. Советникот Драге Пупунчевски праша дали имавте таков кадар со работно искуство досега. Директорот Трајковски објасни да лицето замина во пензија, сега јас ги работам двете работи. Не можам повеќе има повеќе водоводи има обврски затоа има потреба од такво вработување. Имаме раководител за јавна чистота, раководител на гробиша, за комунална хигиена немаме потреба од раководител за водовод, има систематизирано и технички директот за тоа не бараме согласност можам ќе се снаоѓаме. Советничката Ѓорѓиовска праша колку е платата на работникот. Директорот одговори минимална плата 14.900 а на раководител 22.000. Советничката Валентина Ѓорѓиовска забележа тоа е мала плата за работник. Советникот Мишко Поповски забележа износот планиран за плата не е соодветен. Потоа праша зошто не неназначувате технички директор, потоа додаде имавте соодветен кадар можите да го прераспределите, за да имате средства да му дајте повеќе на работниците. За рентабилно работење ви треба технички директор. Директорот Трајковски оговори дека тој моментално ги покрива двете места. Претпријатието има добар возен парк, за време на кризата дел од работите беа намалени, дел ги немаше. Советникот Драге Пупунчевски го изнесе барањето на член од комисијата за урбанизам за определување на локација за градежен отпад и постапката за подигање на азбесен отпад, потоа со селектирање на отпад. Директорот Трајковски објасни за азбесниот отпад не е надлежно претпријатието, за градежен шут има локација тоа одделението за урбанизам треба да знае, со селектирање на отпад не е престанато за хартијата има проблем никој не ја купува. Дискусија повеќе немаше. За донесување на планот гласаа 5 „за" 4 „воздржани" 2 „против". Планот не беше донесен.

***ТОЧКА 17. Годишен план за вработување за ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2021 година***

За Годишниот план за вработување за ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше директорот Ацко Трајковски. Објасни останува истото планирано место раководител на водовот и едно место ќе се испразни заради пензионирање на општ работник. Дискусија немаше. За донесување на планот гласаа 5 „за", 3 „против" 3 „воздржани". Не се донесе планот.

Директорот Ацко Трајковски истакна советниците треба да размислат дали ЈКП „Комуналец" треба да оди напред или можеби треба да работи со загуба, да неможи да функционира, да пропадне. Советничката Христина Бојаџиева Андреска рече задовни сме од работата на претријатието, но да се вработуваат општи работници и да му се зголеми платата на работниците, да се направи внатрешна прераспределба да се искористи кадарот кој го има. Советничката Марија Кочовска забележа дали одделението за водовод и канализација не треба да работи. Директорот Трајковски упати апел до советниците уште еднаш да ја преиспитаат одлуката, зошто Советот ја кочи работата на претпријатието. Советникот Драге Пупунчевски забелешката ја упати кон тоа зошто само раководители да се вработуваат прво се наоѓа лицето па потоа се планира вработување за тоа лице. Предходната власт така работеше наместо да се направат промени се продолжи со истото. До кога така, зошто постои агенција за вработување. Директорот Ацко Трајковски објасни со вакви одлуки Советот не дава можност за развој на претпријатието, треба пошироко да се гледаат работите, цела година е пред нас, ќе има оглас не се знае кој ќе биде вработен. Изготвуваме нова систематизација, значи ако не се најдите тука како Совет нема да гласате. Советничката Валентина Ѓорѓиовска реагираше гласањето не од личен интерес, јас како советник никаде немам личен интерес затоа не се согласи со констатацијата, личниот интерес треба да се провери кај раководните лица, не кај советниците. Претседателот на Советот Благоја Станојовски укажа гласано е по точката дискусијата е завршена.

***ТОЧКА 18. Барање надоместок на средства за заштита од корона вирус КОВИД 19 поднесено од ЈКП „Комуналец" Демир Хисар***

---

За Барањето надоместок на средства за заштита од корона вирус КОВИД 19 поднесено од ЈКП „Комуналец" Демир Хисар директорот Трајковски објасни барањето беше и на предходната седница го имавте сите. Советничката Христина Бојаџиева Андреска забележа комуналните претпријатија не добија средства од Владата сега бараат од општината. Директорот Трајковски додаде сите активности се со наши средства се работеше и вишокот саати ние ги плативме. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на барањето гласаа 10 „за" 1 „воздржан".

***ТОЧКА 19. Барање за дислокација на канализационата мрежа кај Градскиот пазар во Демир Хисар***

За барањето за дислокација на канализационата мрежа кај Градскиот пазар во Демир Хисар објаснување имаше директорот Ацко Трајковски. Кај пазарот има објекти кои се изградена канализациона мрежа, која често бара чистење, бидејќи ние немаме таква машина ангажираме друга фирма која не кошта многу. Затоа бараме да се направи проект за дислокација на овај дел од канализационата мрежа. Советничката Марија Кочовска праша дали вакво барање има до ЈКП „Комуналец". Директорот Ацко Трајковски објасни да има барање, сопствениците имаат проблеми, мора да се бара решение, се правеа проекти за канализација на делови од градот каде нема краци, ова не можи да се вклучи таму. Потоа објасни каде би можело кракот да се направи и да се приклучи. Претседателот на Советот Благоја Станојоски предложи Советот да донеси заклучок надлежните да изготват проект за дислокација на канализациона мрежа. За заклучокот гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 20. Измени и дополнување на Годишен план за вработување за ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2020 година***

За измените и дополнување на Годишен план за вработување за ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2020 година објаснување даде директорот Зоран Котевски. Советничката Весна Ориѓанска истакна бидејќи планот беше и на предходната седница дали има нови моменти да не убедиш да гласаме. На предходната седница дадовме еден „непристоен“ предлог да ме вработиш и ќе гласаме дали важи. Директорот Зоран Котевски објасни со старата систематизација имаме слободни две места, има обезбедено и средства, сега чекаме согласност за новата систематизација во неа едното место е планирано само со правен факултет. Во новата систематизација планирани се нови 13 места. Советничката Ориѓанска праша дали има планирано вработување по етничка припадност, а советничката Валентина Ѓорѓиовска додаде за да систематизираш уште нови 13 места сигурно имаш и добро образложение. Директорот Котевски одговори за етничка припадност нема планирано место. Дискусија повеќе немаше. За донесување на планот гласаа 5 „за“ 5 „против“ и 1 „воздржан“.

***ТОЧКА 21. Годишен план за вработување за ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2021 година***

За Годишниот план за вработување за ОУ Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2021 година објаснување имаше директорот Зоран Котевски требаше да се донеси на Управен одбор и до 31.08.2020 да се пушти во Министерството за информатичко општество. Од моја сдтрана беа испочитувани роковите. Советот останува да даде согласност. Дискусија немаше. За усвојување на планот гласаа 5 „за“ 5„против“ 1 „воздржан“.

***ТОЧКА 22. Предлози и прашања***

По оваа точка немаше дискусија. Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори седницата.

**Бр.17- 963/2**
**29 10 .2020 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател,**
**Благоја Станојоски**